# СИГУРНОСНО СТАКЛО АД ПРИЛЕП

## Образложение кон неревидираните финансиски извештаи за период од 01.01-31.12.2023год.

## СМЕТКОВОДСТВЕНИ ПОЛИТИКИ

Во периодот на известување, нема промени во основните сметководствени политики и методи на вреднување на ставките во финансиските извештаи за 2023 година .

## ПРИХОДИ ОД РАБОТЕЊЕ

Со инсталираната фотонапонска централа се создаваат услови за генерирање на дополнителни приходи – приходи од продажба на електрична енергија, кои во 2023 година изнесуваа 2.709.088, денари, износ кој е значително помал од оној кој се оствари во 2022 година, заради драстичното намалување на продажната цена на електричната енергија.

Воедно еден дел од приходот се остварува и од издавање под закуп на сопствен имот. Истиот е евидентиран соодветно во финансиските документи.

МСФИ/МСС не признаваат категорија вонредни приходи, туку останати приходи, кои се соодветно прикажани во АОП 203. Вкупните приходи за 2023 година се:

| Претходна година | Тековна година |
|---|---|
| **12.015.407,оо** | **10.432.884,оо** |

## ТРОШОЦИ ОД РАБОТЕЊЕ

Покрај редовните издатоци за бруто плати на вработените и трошоци за комнални услуги, добар дел од трошоците се трошоци за електрична енергија, т.е. трошоци за префактурирање, заради влезните фактури од ЕВН АД, а кои се префактурираат на друштвото-закупец.

| Претходна година | Тековна година |
|---|---|
| **10.005.310,оо** | **8.608.465,оо** |

## МАТЕРИЈАЛНИ ВЛОЖУВАЊА

Во 2023 се евидентирани материјални вложувања во износ од 775.740,оо денари.

## ДОЛГОРОЧНИ ВЛОЖУВАЊА

Долгорочните вложувања вклучуваат вложувања во акции или удели. Во 2023 год. не се забележани никакви долгорочни вложувања, ниту промени во капиталот.

## ОБВРСКИ КОН ДРЖАВАТА

Даноците се пресметуваат согласно законските прописи во Р.Македонија, и тоа ДДВ по стапка од 18%, и данок на добивка по стапка од 10%. До периодот на известување друштвото ги има подмирено сите обврски кон државата и вработените.

Евидентирана обврска по основ на данок на добивка во износ од 110.448,оо денари, и претплата по основ на повеќе платен данок на додадена вредност во износ од 52.828,оо денари.

## ДОБИВКА/ЗАГУБА

Друштвото ја деловната година со:

И. Добивка во висина од 988.612,оо денари,

| Претходна година | Тековна година |
|---|---|
| **1.431.036,оо** | **988.612,оо** |

## УПРАВУВАЊЕ СО РИЗИЦИ ОД РАБОТЕЊЕТО

**Фактори на деловни ризици**

Деловните активности на друштвото се изложени на различни ризици вклучувајќи го ризикот од промена на побарувачката на нашите производи заради намалената куповна моќ на населението, но не се за потценување и ризиците од нестабилната политичка ситуација во општеството.

Со цел да заживее и да се подобри деловната активност на друштвото, активностите се насочени кон наоѓање на стратешки партнер , кој по пат на директна странска инвестиција, ќе го обнови производниот парк на друштвото, со цел друштвото да може успешно да се вклопи и учествува на домашниот и надворешниот пазар, а со тоа да се подобри финансиската слика на друштвото.

Но, за да се интензивира овој план, потребен е целокупен ангажман на сите акционери.

Прилеп, 28.02.2024 год.

Овластено лице,

Најдоски Драган,